РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ
31.8.2026 год.

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет-Скопје
Бр. 03-324/8-3
31-08-2026 20 ___ год.

Врз основа на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во учебната 2026/2027 година (глава III, точка 4), постапувајќи по приговорот од кандидатката со број на електронска пријава бр. 132674 и архивски бр. 03-321/09 од 31.8.2026 година, пријавен на Конкурсот во првиот уписен рок, Конкурсната комисија на 31.8.2026 година, донесе

# ОДЛУКА

I. Приговорот од кандидатката со број на електронска пријава бр. 132674 и архивски бр. 03-321/09 од 31.8.2026 година, СЕ ОДБИВА како - НЕОСНОВАН.

II. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение:**

По направениот увид во постапката на конкурирање на кандидатката, како и кај резултатите објавени во прелиминарната ранг листа НЕМА технички грешки или пропусти.

При конкурирањето на Архитектонскиот факултет кандидатите може да освојат најмногу 100 поени, каде успехот од средното образование учествува со 60%, а успехот постигнат на тестот за склоност за студирање архитектура учествува со 40%. Пресметката на бодовите од успехот во средното образование се врши на следниов начин: бодовите од успехот од средното образование се добиваат согласно точките 5.а.1 и 5.а.2 од Конкурсот. Вкупниот добиен збир се множи со коефициент 0,6. По оваа основа може да се добијат најмногу 60 поени, а кандидатката освоила 51.981 поени. На Тестот за утврдување склоност за студирање архитектура кандидатката освоила 25 поени и била распределена на листата на Нерангирани, со вкупно освоени 76.981 поени.

Согласно горенаведеното, Конкурсната комисија утврди дека кај резултатите објавени во прелиминарната ранг листа НЕМА технички грешки во пресметаните поени од успехот од средното образование и Тестот за утврдување склоност за студирање архитектура.

Конкурсна комисија,

Проф. д-р Ана Ивановска Дескова, претседател

Проф. д-р Јован Ивановски, член

Проф. д-р Мери Батакоја, член